**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.11.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски, ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.10.2016 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа и едногласно, со 6 гласа „за“ го усвоија предложениот записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.10.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи предлог- одлуката за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година. Објасни дека предложениот ребалансот ќе се изврши со прераспределба меѓу расходните ставки во групната ставка 413 Дневници и службени патувања и патни трошоци, со што ќе се зголеми ставката за службени патувања во странство.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, детално го објасни предложениот ребаланс и наведе дека вкупните планирани расходи според финансискиот планот на Агенцијата за 2016 година ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 141.314.300,00 денари. При тоа додаде дека со ребалансот ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 350.000,00 денари наменети за исплата на дневници и сместувања за службени патувања во странство.

Г-дин Фиданоски, рече дека колку што успеал да забележи од материјалот, станува збор за износ од околу 350.000,00 денари кој се прераспределува од една во друга позиција и дека вкупниот износ на буџетот односно финансискиот план останува непроменет. Забележа дека периодот до крајот на годината, ефективно изнесува околу еден месец и половина, и бидејќи за тој износ Советот на Агенцијата треба да даде одобрение за и понатаму Финансискиот план да остане оперативен, праша за кои конкретни патувања станува збор, односно на кои конференции или настани ќе присуствуваат претставници на Агенцијата?

Г-дин Трајчевски, објасни дека Финансискиот план на Агенцијата се однесува и на месец јануари 2017 година. Во врска со прашањето од г-дин Фиданоски, одговори дека во следниот период се планирани две патувања, оваа недела е предвиден состанок на МНРА (Медитеранската мрежа на регулаторни тела) во Прага и наредната недела колегата Сашо Богдановски од Секторот за програмски работи патува на состанок со Експертска група за медиумска писменост во Брисел. Посочи дека други патувања не се планирани, меѓутоа не може целиот износ наменет за патувања во странство да биде потрошен, па доколку дојде потреба, Советот да свика итна седница само за да одобри промена на финансискиот план. Уште еднаш потенцира дека не значи дека предвидените средства ќе бидат во целост потрошени.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-5422/1 од 04.11.2016 година, поднесен од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2016-та година, бр.05-7138/1 од 25.12.2015 година, бр.05-705/1 од 05.02.2016 година, бр.05-1798/1 од 29.03.2016 година, бр.05-3004/1 од 31.05.2016 година и бр.05-4273/1 од 01.09.2016 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 141.314.300,00 денари. Со ребалансот ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 350.000,00 денари наменети за исплата на дневници и сместувања за службени патувања во странство. Обезбедувањето на финансиските средства ќе се изврши со прераспределба меѓу расходните ставки во групната ставка 413 Дневници за службени патувања и патни трошоци, во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година и тоа:

- Групната ставка 413 Дневници за службени патувања и патни трошоци да остане на претходно утврденото ниво, односно истата да изнесува 2.130.000,00 денари.

- Позицијата 413100 Дневници за службени патувања во странство, наместо досегашниот износ од 350.000,00 денари да се зголеми за 50.000,00 денари и да изнесува 400.000,00 денари.

- Позицијата 413500 Надомест за трошоци за ноќевање на службен пат во странство, наместо досегашниот износ од 400.000,00 денари да се зголеми за 300.000,00 денари и да изнесува 700.000,00 денари.

- Позицијата 413000 Дневници за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 250.000,00 денари да се намали за 120.000,00 денари и да изнесува 130.000,00 денари.

- Позицијата 413200 Надомест за трошоци за превоз за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 150.000,00 денари да се намали за 110.000,00 денари и да изнесува 40.000,00 денари.

- Позицијата 413400 Надомест за трошоци за ноќевање за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари да се намали за 120.000,00 денари и да изнесува 80.000,00 денари.

Се задолжи Секторот правни и економски-финансиски работи, да го изготви горенаведениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година, во кој ќе ги вгради наведените измени и дополнувања.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-5408/3**
**15.11.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**